Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАТОР

# Е-МАПАС

БР.55

15 СЕПТЕМВРИ ДЕН ЗА ПЕНЗИСКА СВЕСНОСТ
„ПЕНЗИЈА БЕЗ ТЕНЗИЈА – ШТЕДИ ДЕНЕС, УЖИВАЈ И УТРЕ“

ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА

## 15 СЕПТЕМВРИ ДЕН ЗА ПЕНЗИСКА СВЕСНОСТ - „ПЕНЗИЈА БЕЗ ТЕНЗИЈА – ШТЕДИ ДЕНЕС, УЖИВАЈ И УТРЕ“

Во насока на одбележување на 15-ти Септември – Денот за пензиска свесност, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) и оваа година спроведе повеќедневна едукативна кампања низ повеќе средни училишта во Република Северна Македонија, како и завршен настан во Скопје. Главната цел на кампањата беше да се подигне свеста кај младите генерации за значењето на личната одговорност при планирањето на иднината и важноста на навременото штедење во пензискиот систем.

Под слоганот „Пензија без тензија – штеди денес, уживај и утре“, преку низа предавања, интерактивни игри, квизови и едукативни активности, младите имаа можност да научат повеќе за тоа како функционира капиталното финансирано пензиско осигурување и зошто е важно да се започне со штедење уште од најрана возраст.

За оваа година планирано беше посета на повеќе средни стручни училишта во повеќе градови во државата.

### 9 септември 2025 – СУГС „Цветан Димов“ – Скопје

Кампањата започна со предавање во средното училиште „Цветан Димов“ во Скопје. Настанот го отвори директорот на училиштето со кратко обраќање, потсетувајќи ги учениците дека финансиската писменост и пензиската култура се важен дел од нивната иднина. Предавањето го реализираа Пранвера Сума, главен советник на Претседателот на Советот на експерти на МАПАС, Енгин Елмаз Раководител на Сектор за односи со јавнос и стандардизација и Бењамин Муќа Советник за организациона подршка, кои детално објаснија како функционира тростолбниот пензиски систем, како се акумулираат средствата во индивидуалните сметки и кои се придобивките од учеството во вториот и третиот столб. По завршувањето на презентацијата следеше квиз на знаење, во кој учениците со голем интерес одговараа на прашања поврзани со темата. Најуспешните добија симболични награди од МАПАС.





## 10 септември 2025 – СЕТУ „Михајло Пупин“ – Скопје

Вториот ден, кампањата продолжи во училиштето „Михајло Пупин“. По поздравниот говор на директорот, предавањето го водеа Марија Поповска, главен советник на Претседателот на Советот на експерти на МАПАС, Енгин Елмаз Раководител на Сектор за односи со јавнос и стандардизација и Бењамин Муќа Советник за организациона подршка. Учениците беа запознаени со клучните поими како доброволно пензиско штедење, улогата на пензиските друштва и можностите за управување со сопствените средства. И овој пат, интересот беше голем – следеше квиз натпревар и доделување награди за најбрзите и најточните учесници.



## 11 септември 2025 – ССОУ „Моша Пијаде“ – Тетово

Едукативниот караван на МАПАС продолжи во Тетово, каде што настанот беше од особено значење поради присуството на повеќе локални претставници. Со поздравни говори се обратија Претседателот на Советот на експерти на МАПАС – Ремзи Бајрами и Градоначалникот на Општина Тетово – Биљал Касами, кои ја истакнаа важноста на пензиската едукација и финансиската стабилност на идните генерации. Предавањето беше одржано од страна на Пранвера Сума, главен советник на Претседателот на Советот на експерти на МАПАС, Марија Поповска, главен советник на Претседателот на Советот на експерти на МАПАС, Владо Георгиев Раководител на Сектор за институционална контрола, Енгин Елмаз Раководител на Сектор за односи со јавнос и стандардизација и Бењамин Муќа Советник за организациона подршка Преку интерактивен пристап и отворена дискусија, учениците добија можност да поставуваат прашања и да дознаат повеќе за личното пензиско штедење. На крајот, беше одржан квиз натпревар со награди, кој предизвика многу позитивна енергија и ентузијазам.





## 12 септември 2025 – СОУ „Коста Сусинов“ – Радовиш

Настанот во Радовиш беше отворен со поздравен говор на директорот на училиштето, по што следеше предавање од Сузана Златаревска одговорно лице за маркетинг во КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и Светлана Тасевска одговорно лице за маркетинг во ВФП пензиско друштво АД Скопје. Тие го претставија процесот на штедење во пензиските фондови, начинот на инвестирање на средствата и механизмите за заштита на членовите. Настанот заврши со квиз на знаење и наградни пакети за најуспешните ученици.






## 14 септември 2025 – Настан во Градски парк – Скопје

Во рамки на викенд активностите, МАПАС организираше јавен едукативен настан во Градскиот парк во Скопје. Настанот го отвори Ремзи Бајрами, Претседател на Советот на експерти на МАПАС, кој се обрати пред присутните со порака за важноста на личната пензиска сигурност. За посетителите беа организирани интерактивни игри, меѓу кои најголем интерес предизвика играта „Скриено богатство“, во која учесниците преку забавен начин учеа за концептите на штедење и инвестиции. Се одржа и квиз на знаење со награди, а вработените на МАПАС беа на располагање за индивидуални разговори и објаснувања околу капиталното финансирано пензиско осигурување и функционирањето на пензискиот систем во земјата. Настанот привлече голем број млади и семејства, кои на интерактивен и едукативен начин се запознаа со темата.





### 15 септември 2025 – Централен настан во СГГУС „Здравко Цветковски“ – Скопје

Кампањата заврши со централниот настан во СГГУС „Здравко Цветковски“ -Скопје . Пред преполната сала од ученици, настанот го отвори директорката на училиштето со поздравен говор, а потоа следеше обраќање од Претседателот на Советот на експерти на МАПАС – Ремзи Бајрами и државниот советник од Министерството за социјална политика, демографија и млади – Фатмир Сабриу. Предавањето го реализираа Пранвера Сума, главен советник на Претседателот на Советот на експерти на МАПАС, Марија Поповска, главен советник на Претседателот на Советот на експерти на МАПАС. Тие преку практични примери им објаснија на учениците како денешните финансиски одлуки влијаат на нивната иднина и како преку редовно штедење може да се обезбеди сигурна и безгрижна пензија. И овој настан заврши со квиз и доделување награди, кои ги поттикнаа учениците да продолжат да се интересираат за темата.





### Онлајн едукација и медиумска поддршка

Покрај физичките настани, МАПАС реализираше онлајн кампања преку социјалните медиуми, со објави, инфографици и видеа кои ја објаснуваа суштината на капиталното финансирано пензиско осигурување, процесот на придонеси и начинот на управување со средствата. Целта беше да се допре до што поширока публика, особено до младите кои се најактивни на дигиталните платформи, со пораката дека штедењето не е трошок, туку инвестиција во сопствената иднина.
Со реализацијата на оваа кампања, МАПАС уште еднаш ја потврди својата посветеност на подигнување на свеста за пензиското осигурување и финансиската писменост кај младите. Преку директна комуникација, практични примери, учениците од различни градови ја добија можноста да научат како секојдневните финансиски одлуки влијаат врз нивната иднина. Со пензиска култура и одговорно штедење денес, градиме сигурна иднина за утре.

## 15 СЕПТЕМВРИ ДЕН ЗА ПЕНЗИСКА СВЕСНОСТ - „ПЕНЗИЈА БЕЗ ТЕНЗИЈА – ШТЕДИ ДЕНЕС, УЖИВАЈ И УТРЕ“

„Пензијата почнува кога ќе ја добиеш првата плата. Не чекај да дојде вистинскиот момент - тој е сега.“

„Не го троши времето. Вложи го во твојата пензија.“

## МАПАС ВО ГРАДСКИ ПАРК ПО ПОВОД ДЕНОТ ЗА ПЕНЗИСКА СВЕСНОСТ: ИНФОРМИРАЊЕ, ЗАБАВА И НАГРАДИ ЗА ПРИСУТНИТЕ

Во рамки на одбележувањето на Денот за пензиска свесност – 15 септември, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС, на 14 септември (недела) од 11:00 до 13:30 часот, во вториот дел на Градски парк (спроти паркот за кучиња), ќе одржи настан на кој сите граѓани ќе имаат можност да се информираат за своите права во пензискиот систем, како и да се забавуваат и да освојат награди.

„Од исклучителна важност е сите граѓани да имаат точни информации за функционирањето на пензискиот систем, како и за нивните права и можности во истиот. Токму затоа ги повикуваме сите да се приклучат на овој настан, да им ги разјасниме сите недумици и заедно, во убава, неформална атмосфера, да се дружиме“, повикаа од МАПАС.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***



## МАПАС СО ИНФО НАСТАН ЗА ПРАВАТА И МОЖНОСТИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

Во рамки на одбележувањето на Денот за пензиска свесност – 15 септември, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС денеска во Градскиот парк организираше настан за информирање на граѓаните за нивните  права во пензискиот систем. Целта на настанот, како што соопшти МАПАС, е  сите граѓани да имаат точни информации за функционирањето на пензискиот систем.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***




## МАПАС СО ЦЕНТРАЛЕН НАСТАН ВО СГГУС „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“ – СКОПЈЕ ПО ПОВОД ДЕНОТ ЗА ПЕНЗИСКА СВЕСНОСТ

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС со низа активности, што се спроведоа во текот на изминатите денови го одбележа Денот за пензиска свесност – 15 септември, а централниот настан, со едукација за млади, ќе се одржи во СГГУС „Здравко Цветковски“ – Скопје.

На настанот ќе се обратат претседателот на Советот на експерти на МАПАС, Ремзи Бајрами и државниот советник на Министерство за социјалнаполитика, демографија и млади Фатмир Сабриу.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***



## МАПАС ПО ПОВОД 15 СЕПТЕМВРИ – ДЕНОТ ЗА ПЕНЗИСКА СВЕСНОСТ: СИГУРНАТА ИДНИНА НЕ СЕ ПОДАРУВА – ТАА СЕ ГРАДИ

Во СГГУС „Здравко Цветковски“ во Скопје денеска се одржа централниот настан по повод одбележувањето на Денот за пензиска свесност – 15 септември, организиран од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС). Настанот беше посветен на младите и на нивната едукација за функционирањето на пензискиот систем, со цел уште од најрана возраст да се создаде култура на информираност и одговорност кон иднината, велат од МАПАС.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***





## СООПШТЕНИЕ ЗА СЕДМОТО ИЗДАНИЕ НА ДИГИТАЛНИОТ САМИТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Претставници од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) присуствуваа на седмото издание на Дигиталниот самит на Западен Балкан, кое се одржа во Скопје.

На настанот учествуваа Претседателот на Советот на експерти, Ремзи Бајрами, како и Главните советници на Претседателот на Советот на експерти, Пранвера Сума и Марија Поповска.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***






# ПРЕТСТАВНИК ОД МАПАС УЧЕСТВУВАШЕ НА ГОДИШНИОТ СОСТАНОК НА ПРОЕКТОТ ЗА ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА ПОДДРЖАН ОД ОЕЦД/ИНФЕ

Во периодот од 7 до 9 октомври 2025 година, во Сараево, се одржа годишниот состанок на регионалниот проект за техничка поддршка во областа на финансиската едукација, организиран од Централната банка на Босна и Херцеговина, со поддршка од ОЕЦД/ИНФЕ и Министерството за финансии на Холандија.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***







**ИМАТЕ ПРАШАЊА ИЛИ ПОПЛАКИ?**
**Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk**

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
Славко Јаневски 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: (02) 3224 229
www.mapas.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO/IEC 27001